СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 90 **4 април 2020, сабота** **година LXXVI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1348.	**Уредба** со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите.....	2
1349.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба.....	2
1350.	**Уредба** со законска сила за примена на законот за инспекциски надзор за време на вонредна состојба...	3
1351.	**Уредба** со законска сила за интервентна набавка на респираторни машини за време на вонредна состојба.....	4
1352.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба.....	5
1353.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба.....	5
1354.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај за време на вонредна состојба.....	6
1355.	**Уредба** со законска сила за постапката за издавање на дозволите за движење во време во кое е утврдена забрана за движење за време на траењето на вонредната состојба.....	6
1356.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за финансиските друштва за време на вонредна состојба.....	7
1357.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба.....	8
1358.	**Уредба** со законска сила за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба.....	9
1359.	**Уредба** со законска сила за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за време на вонредна состојба.....	9
1360.	**Уредба** со законска сила за примена на Законот за лизинг за време на вонредна состојба.....	14
1361.	**Уредба** со законска сила за престанување на важење на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредната состојба.....	14

		Стр.
1362.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки.....	**15**
1363.	**Одлука** за давање согласност на Одлуката за распределба на нетодобивката за деловната 2019 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2019 година.....	**15**
1364.	**Одлука** за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2020 година.....	**15**
1365.	**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за ограничување на извозот на пченица и наполица и брашно од пченица и наполица....	**15**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1348.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, ИСТРАЖИТЕЛИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОДРЖИНАТА НА НЕОВЛАСТЕНО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ И ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОДРЖИНАТА НА НЕОВЛАСТЕНО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

Член 1

За сите прашања кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите од работниот однос на јавнообвинителските службеници и лицата вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите кои вршат технички и помошни работи одлучува јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Член 2

Истражителите во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите јавниот обвинител на Република Северна Македонија ќе ги распореди на работа во истражен центар во јавно обвинителство или ќе ги врати во институцијата од која се преземени.

Член 3

Од буџетот на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во програма 2 потпрограма 21, откако Министерството за финансии по барање на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ќе изврши соодветна прераспределба по ставки и намени на вкупниот износ на одобрените средства на таа потпрограма ќе се исплаќаат средствата за тековни трошоци за работа, за заостанатите неисплатени средства за тековни трошоци за работа на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите, за заостанатите неисплатени плати и платите на јавнообвинителските службеници, на истражителите и лицата вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите кои вршат технички и помошни работи.

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2640/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1349.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15,

129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За продолжување на рокот за враќање на работникот на работа во случај кога работникот заради издржување на казна или изречена воспитна, или заштитна мерка, не може да ја врши работата за период пократок од шест месеца или заради отслужување воен рок или вршење на цивилна служба со надомест, притвор и во други случаи определени со закон, времено престанал да ја врши работата, утврден во член 45 став 3 од Законот за работните односи и на работник кој е упатен на работа во странство во рамките на меѓународнотехничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование со согласност и за потребите на работодавачот, како и на брачниот другар; на здравствените работници и здравствените соработници вработени во здравствени установи, упатени во хуманитарни или мировни операции во медицински тимови надвор од територијата на Република Северна Македонија и на воените обврзници од резервниот состав на Армијата на Република Северна Македонија - активен резервен персонал, ангажирани во единиците на Армијата на Република Северна Македонија заради учество во мировни операции надвор од територијата на Република Северна Македонија согласно со закон, а чие упатување, односно ангажирање бара привремено да престанат да работат кај работодавачот во траење до осум месеци, утврден во членот 152 ставови 1, 2 и 3 од Законот за работните односи на кои им мирува работниот однос, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила, за користење на годишниот одмор за 2020 и неискористениот дел од годишниот одмор за 2019 година на работникот, годишниот одмор кој што не бил искористен во тековната календарска година заради отсутност поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете и годишниот одмор на работник кој работи во странство, согласно член 141 ставови 2, 3, 4 и 5 од Законот за работните односи и за правото на платено отсуство од работа на работничка која користи отсуство за време на бременост, раѓање и родителство и посвојување на дете, согласно член 165 ставови (1) и (6) и надоместокот на плата на работникот кој користи отсуство поради бременост, раѓање и родителство согласно член 170 од Законот за работните односи, за време на траење на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Роковите во кои согласно Законот за работните односи, во случај на мирување на правата и обврските од договорот за вработување и мирување на работен однос на работник упатен на работа во странство и на брачниот другар, работникот има право да се врати на работа, престануваат да течат за време на траење на вонредната состојба и се продолжуваат за 15 дена од денот на истекот на траењето на вонредната состојба.

Член 3

За работниците вработени во приватниот сектор опфатени од времените мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19, неискористениот дел од годишниот одмор, односно неискористениот годишен одмор од календарската 2019 година, да се искористи до 31 мај 2020 година, согласно потребите на работниот процес и одобрение на работодавачот.

За работниците вработени во приватниот сектор опфатени од времените мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19, делот од годишниот одмор за 2020 година кој мора да се искористи во траење од две непрекинати работни недели, да го искористат до 30 јуни 2020 година, согласно потребите на работниот процес и одобрение на работодавачот.

Член 4

Отсуството од работа на работничка поради бременост, раѓање и родителство и посвојување, продолжува да тече и надоместокот на плата продолжува да се исплаќа до истекот на траењето на времените мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID-19.

Член 5

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2736/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1350.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За испитот за стекнување на инспектор со лиценца, обуките за стекнување на инспектор со лиценца и стручното усовршување и обука на инспекторите, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Полагањето на испитот за стекнување на инспектор со лиценца, спроведување на обуките за стекнување на инспектор со лиценца, како и стручното усовршување и обука на инспекторите се одложува за време на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2786/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1351.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИНТЕРВЕНТНА НАБАВКА НА РЕСПИРАТОРНИ МАШИНИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредуваат условите и постапката за интервентна набавка на респираторни машини заради спроведување на мерките за справување со Коронавирус - COVID-19 за време на траење на вонредната состојба.

Член 2

(1) Министерството за здравство (во понатамошниот текст: Министерството) ќе спроведе интервентна набавка на 200 респираторни машини.

(2) Респираторните машини предмет на интервентната набавка треба да се согласно следнава спецификација:

Вентилаторна спецификација (минимум)

- Основни вентилациски модели VCV (IPPV), PCV, SIMV SIMV, BIPAP (BILEVEL), SPONT (CPAP/PSV)
- Tidal volume 20-30000
- PEEP/CPAP 0-50цмH2O
- Psup 0-70cmH2O
- FiO2 21-100%
- O2 suction 100% ventilation

Insp. hold

Exp. Hold

Основен мониторинг (спецификација)

1. VTi, VTe, MV MV/spont
2. Фреквенција на дишење, спонтана фреквенција на дишење
3. Однос инспириум/експириум I:E
4. Ppeak, Pmean, Pplat, Pmin, PEEP
5. Резистенција
6. Комплијанса
7. Криви на вентилација P-T, F-T, V-T

Со компресор и без компресор.

Член 3

(1) Цената за набавка на респираторните машини да изнесува најмногу до 25.000 евра во денарска противредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на поднесување на понудата, без вклучен ДДВ и царински давачки.

Член 4

(1) Министерството ќе објави јавен повик наредниот ден од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила на својата веб страница за интервентна набавка на респираторни машини.

(2) Право на учество на јавниот повик ќе имаат сите економски оператори кои можат да доставаат респираторни машини од производители кои ќе ги исполнат условите од спецификацијата од членот 2 на оваа уредба со законска сила.

(3) Јавниот повик за набавка на респираторни машини ќе трае 72 часа од денот на неговото објавување.

(4) Министерството формира Комисија од три члена од редот на вработените административни државни службеници за оценка на пристигнатите понуди по објавениот јавен повик.

(5) Предност при изборот им се дава на оние понудувачи кои најбрзо ќе доставаат респираторни машини кои ја исполнуваат спецификацијата од членот 2 на оваа уредба со законска сила.

(6) Најдоцна во рок од два дена од денот на завршувањето на јавниот повик, Министерството ќе склучи договор за набавка на респираторни машини со добавувачот/добавувачите кои ги исполнуваат условите од објавениот јавен повик.

(7) Со договор за набавка на респираторни машини ќе се уредат меѓусебните права и обврски помеѓу Министерството и избраните економски оператори во однос на дневната количина на набавката, квалитетот, времето и начинот на испораката, единечната цена, роковите за испорака, роковите за исплата на договорената цена како и други прашања за уредување на меѓусебните права и обврски.

Член 5

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2808/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1352.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИ ДОГОВОРИ ЗА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Македонија" бр.51/11, 145/15, 23/16 и 20/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

На висината на трошоците кои не се вклучени во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила за време на траење на вонредната состојба.

Член 2

Кредиторите не смеат да наплатуваат трошоци кои не се вклучени во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци кои надминуваат 30% од износот на одобрениот кредит.

Член 3

Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на кредиторот ако постапува спротивно на одредбите од член 2 од оваа уредба со законска сила.

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2810/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1353.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За роковите за преземање на предметите по започнатите постапки со непосредна спогодба и со јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за преземање на следењето, вршењето и сите активности кои произлегуваат од работите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за преземање на надлежностите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за донесување на Годишната програма, како и за формирање на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање и за воспоставување на Електронскиот систем за јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Роковите за преземање на предметите по започнатите постапки со непосредна спогодба и со јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за преземање на следењето, вршењето и сите активности кои произлегуваат од работите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за преземање на надлежностите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за донесување на Годишната програма, како и за формирање на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање и за воспоставување на Електронскиот систем за јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, се продолжуваат за 60 дена од денот на престанок на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2813/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1354.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Влада на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10. 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/18), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За дневното и неделното време на управување со возило, вкупното време на управување со возило во текот на кои било две последователни недели, паузите, дневниот и неделниот одмор, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Дневното време на управување со возило, за време на траење на вонредната состојба трае 11 часа.

Неделното време на управување со возило, за време на траење на вонредната состојба трае 60 часа.

Вкупното време на управување со возило во текот на кои било две последователни недели, за време на траење на вонредната состојба трае 100 часа.

За време на траење на вонредната состојба по пет и пол часа управување со возилото, возачот е должен да направи пауза од најмалку 45 минути.

Редовниот дневен одмор, за време на траење на вонредната состојба трае 9 часа.

Неделниот одмор за време на траење на вонредната состојба започнува најдоцна по истек на десет 24 часовни периоди од крајот на претходниот неделен одмор.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2818/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1355.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А

СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА ДВИЖЕЊЕ ВО ВРЕМЕ ВО КОЕ Е УТВРДЕНА ЗАБРАНА ЗА ДВИЖЕЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредува постапката за издавање на дозволите за движење во време во кое е утврдена забрана за движење за време на траењето на вонредната состојба од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 2

Министерството за информатичко општество и администрација издава дозволи за движење во време во кое е утврдена забрана за движење за време на траењето на вонредната состојба (во натамошниот текст: дозволи за движење), и тоа на:

- вработените во органите на државната власт,
- вработените во здравствените установи од јавниот и приватниот сектор,
- медиумските работници и другите вработени во медиуми кои се дел од мобилните екипи на медиумот,
- вработените во пекарите и бурекџилниците, со најмногу до пет вработени,
- вработените во погребалните претпријатија,
- членовите на општинските кризни штабови и
- физичките и правните лица за кои претходно дозвола дал Главниот координативен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID – 19.

Член 3

Барањето за издавање на дозвола за движење за лицата определени во членот 2 од оваа уредба со законска сила, се поднесува преку Националниот портал за електронски услуги кој го води Министерството за информатичко општество и администрација.

Барањето од ставот 1 на овој член, за вработените го поднесува овластеното лице во правното лице преку својот кориснички профил на Националниот портал за електронски услуги на основно ниво на сигурност, согласно Правилникот за начинот на проверка на идентитетот на корисникот при поднесувањето на барањето по електронски пат со користење на единствената околина („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19).

Барањето од ставот 1 на овој член, содржи: име и презиме на физичкото лице кое е овластено лице во правното лице, назив на правното лице, ЕМБС, име и презиме, ЕМБГ, електронска пошта и телефон на вработените за кои се бара дозволата, време на валидност на дозволата (од/до) и причина за издавање.

Член 4

Податоците внесени во барањето од членот 3 од оваа уредба со законска сила, се проверуваат во рок не подолг од 24 часа, преку употреба на логички поврзани процеси со податоците за лицата за кои се однесува барањето, евидентирани во:

- системите на Централниот регистар на Република Северна Македонија, за потврда дека подносителот на барањето е овластено лице во правното лице од член 2 од оваа уредба со законска сила,
- Централниот регистар на население, за проверка на точноста на личните податоци на лицата за кои е поднесено барањето и
- системите на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, за потврда дека лицата за кои е поднесено барањето се вработени во правното лице од член 2 од оваа уредба со законска сила.

Член 5

По извршената проверка на податоците согласно членот 4 од оваа уредба со законска сила, физичкото лице кое е овластено лице во правното лице и кое го поднело барањето согласно член 3 од оваа уредба со законска сила, добива автоматски генерирана Одлука за поднесеното барање на својот кориснички профил на Националниот портал за електронски услуги.

Одлуката од ставот 1 на овој член, содржи: име и презиме на вработените за кои се побарани дозволи, ЕМБГ, статус на одобрување (одобрено или одбиено) и образложение за одбиеното барање.

По доставата на Одлуката од ставот 1 на овој член, вработените од членот 2 од оваа уредба со законска сила, за кои е одобрено барањето за издавање на дозвола за движење, добиваат автоматски генерирана дозвола на електронска пошта наведена во барањето.

Одлуката од ставот 1 на овој член и дозволата од ставот 3 на овој член, се електронски документи издадени согласно Правилникот за задолжителните елементи на електронските документи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 47/20).

Член 6

Дозволите за движење во време во кое е утврдена забрана за движење за време на траењето на вонредната состојба издадени пред денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила продолжуваат да важат се до истекот на периодот за кој се издадени.

Член 7

Министерството за информатичко општество и администрација може да врши ревизија на издадените дозволи за движење во време во кое е утврдена забрана за движење за време на траењето на вонредната состојба и може истите да ги одземе доколку при контрола од страна на полициските службеници на Министерството за внатрешни работи се утврди нивна злоупотреба.

Член 8

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2828/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1356.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Закон за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10. 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 април 2020 година донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДРУШТВА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

(1) Законот за финансиските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 53/11, 112/14, 153/15 и 23/16) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

(2) На договорите и на промените на договорните услови за кредит, гаранции, кредитни картички и преземени побарувања (во натамошниот текст: кредити) спрема физичките и правните лица, како и спрема солидарните должници и заложните должници врз основа на кредити ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

(1) Во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година физичките лица кои се корисници на кредити по договорите за кредит кои се склучени заклучно со 31 март 2020 година ги плаќаат обврските на месечен ануитет намален за најмалку 70% од редовниот месечен ануитет, а финансиските друштва не смеат да пресметуваат и наплатуваат надоместоци, трошоци,провизии и/или казнени камати.

(2) Периодот на отплата, односно рокот за плаќање на месечните ануитети по договорите за кредитите од став (1) на овој член се продолжува за најмалку 90 дена по истекот на периодот од став (1) на овој член.

(3) Обврските по основ на помалку платени ануитети во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година согласно став (1) на овој член се одложуваат согласно одобрениот рок за плаќање од став (2) на овој член, или рамномерно се распоредуваат во месечните ануитети кои ќе доспеат по 30 јуни 2020 година.

(4) Во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година финансиските друштва можат да ги менуваат и другите услови од договорите од став (1) на овој член само заради олеснување на условите.

(5) На корисниците на кредити кои во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година редовно ќе ги отплаќаат кредитите, без оглед дали го користат правото од став (1) на овој член, финансиските друштва можат да им дадат поволности во однос на отплатата на кредитот.

(6) При промена на условите согласно ставовите (1), (2) , (3), (4) и (5) од овој член, финансиските друштва доставуваат понуда до корисниците на кредити согласно член 2 алинеја 1 од Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 80/20).

Член 3

(1) За промена на условите од договорите за кредит склучени со правни лица, финансиските друштва постапуваат согласно член 2 од Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 80/20).

(2) Финансиските друштва можат да ги олеснат условите од договорите за кредит склучени со правни лица заклучно со 31 март 2020 година врз основа на барање од правно лице – корисник на кредит поднесено во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година.

Член 4

На доставувањето и прифаќањето на понудата и на правното дејство на променетите услови се применуваат одредбите од членовите 3, 4, 5 и 6 од Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 80/20).

Член 5

Договорите за кредит што ќе се склучат во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година можат по барање на корисниците на кредитите да се склучат со грејс период од три месеци. Во грејс периодот финансиското друштвото може да пресметува само договорна камата.

Член 6

Финансиските друштва се должни во рок од пет дена од денот на влегување во сила на оваа уредба со законска сила да донесат интерен акт за спроведување на оваа уредба со законска сила, а во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на оваа уредба со законска сила да ги прилагодат интернет платформите согласно оваа уредба со законска сила.

Член 7

На финансиското друштво кое нема да постапи согласно со одредбите од оваа уредба со законска сила Министерството за финансии со решение ќе му ја одземе дозволата за основање и работа.

Член 8

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2830/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1357.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година донесе:

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За поднесување на пријави во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за реемитување на програмски сервиси на странски радиодифузери кои операторите планираат да ги реемитуваат на својот програмски сервис за територијата на Република Северна Македонија определени со член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Операторите ги доставуваат пријавите во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за реемитување на програмски сервиси на странски радиодифузери кои операторите планираат да ги реемитуваат на својот програмски сервис за територијата на Република Северна Македонија согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Подзаконските акти донесени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18), продолжуваат да се применуваат се до донесувањето на соодветните подзаконски акти определени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20).

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2832/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1358.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА САМОСТОЈНИТЕ УМЕТНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредува финансиската поддршка на самостојните уметници за месеците април и мај 2020 година во месечен износ од 14.500,00 денари.

Член 2

На самостојните уметници кои согласно член 16 став (3) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), се стекнале со право на доделување на месечни надоместоци од Буџетот на Министерството за култура за 2020 година во висина на средствата за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за персонален данок на доход, им се доделува финансиска поддршка во износ од 14.500,00 денари за месеците април и мај 2020 година.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2836/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1359.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТИСТИ, СТРУЧНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредуваат условите, начинот и постапката за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за месеците април и мај 2020 година.

„Спортист“е физичко лице кое спортските активности ги врши професионално, има склучено договор во спортски клуб и е впишан во регистерот на спортисти што настапуваат во системот на натпревари што го води националната спортска федерација.

„Стручно лице во областа на спортот“ е тренер кои има завршено најмалку више образование во областа на спортот или стекнато лиценца/и добиени од соодветна меѓународна спортска асоцијација, како и стручно лице лекар, психолог, нутриционист и друго стручно лице од областа на спортот кое има соодветно образование од односната професија и е впишано во регистерот на тренери и други стручни лица што ги води националната спортска федерација.

„Спортска администрација“ се физички лица кои се вработени како административни работници на неопределно или определено време или ангажирани со друг вид на договор во спортските клубови и националните спортски федерации.

Член 2

Финансиската поддршка на спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортската администрација ќе се спроведува преку Агенцијата за млади и спорт со средства обезбедени од Буџетот на Северна Република Македонија.

Предмет на финансиска поддршка е исплата на финансиски средства за месеците април и мај 2020 година, во месечен износ од 14.500 денари.

Корисник на финансиска поддршка согласно оваа уредба со законска сила може да биде спортист, стручно лице од областа на спортот и спортска администрација кое:

- е државјанин на Република Северна Македонија;
- е вработено на неопределно или определено време или ангажирано со договор на дело, авторски договор или друг договор со кој лицето е повремено или привремено ангажирано за извршување на работа (во натамошниот текст: договор за работа) во спортски клубови и национални спортски федерации, кои имаат решение за вршење дејност спорт, во натпреварувачката 2019/2020 година, од 1 септември 2019 година;
- за месец декември 2019 година и јануари и февруари 2020 година, не остварило нето плата и/или надоместок врз основа на договор за работа во спортски клубови и национални спортски федерации повисок од 39.900 денари за секој месец одделно, согласно склучените договори и извршените исплати за истиот период и
- не е вработено или ангажиран со договор за работа во друг правен субјект во месец април и мај 2020 година според евиденцијата на Агенција за вработување на Република Северна Македонија.

Член 3

Агенцијата за млади и спорт во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила, на својот веб страна објавува соопштение за примена на оваа уредба со законска сила и во истиот рок уредбата ја доставува заедно со Барањето за исплаќање на финансиска поддршка за спортисти, стручни лица и спортска администрација за време на траењето на вонредната состојба, со потребната документација што се доставува во прилог на барањето, и Изјава кои се дадени во Прилог и се составен дел на оваа уредба со законска сила.

Спортските клубови кои имаат лица кои може да користат финансиска поддршка согласно оваа уредба со законска сила, до 15 април 2020 година до Националната спортска федерација доставуваат комплетна документација за користење на финансиската поддршка, односно за секое физичко лице спортист, стручен работник од областа на спортот или спортска администрација го доставуваат одделно Барањето и Изјавата од став 1 на овој член со прилжената документација.

Националните спортски федерации до 22 април 2020 година до Агенцијата за млади и спорт доставуваат комплетна документација за користење на финансиската поддршка, односно за секое физичко лице спортист, стручен работник од областа на спортот или спортска администрација од спортски клуб или националната спортска федерација го доставуваат одделно Барањето и Изјавата од став 1 на овој член со потребната документација.

Член 4

За користење на финансиска поддршка за спортисти, стручни работници од областа на спортот и спортска администрација од член 2 од оваа уредба со законска сила, одлучува Комисија за финансиска поддршка за спортисти, стручни работници од областа на спортот и спортски работници (во натамошниот текст: Комисија).

Директорот на Агенцијата за млади и спорт ја формира Комисијата која се состои од пет члена, од редот на вработените во Агенцијата.

Врз основа на увид во поднесената документација за остварување на финансиска поддршка за спортисти, стручни работници од областа на спортот и спортска администрација, Комисијата врз основа на комплетноста на документацијата и проверка на точноста на податоците од истата, изготвува листа со податоци за барателите што имаат доставено комплетна документација од член 4 став 1 од оваа уредба со законска сила и истата ја доставува до директорот на Агенцијата за млади и спорт.

Листата на баратели на финансиска поддршка за спортисти, стручни работници од областа на спортот и спортска администрација што имаат доставено комплетна документација, Агенцијата за млади и спорт ја доставува до Управа за јавни приходи:

- до 30 април 2020 година, со барање за известување во врска член 2 точка 3 алинеја 4 од оваа уредба со законска сила дали секое поединечно лице од доставената листа е вработено во друг правен субјект во месец април 2020 година според евиденцијата на Управата за јавни приходи;
- до 30 април 2020 година, со барање за известување во врска член 2 точка 3 алинеја 4 од оваа уредба со законска сила дали секое поединечно лице од доставената листа е вработено во друг правен субјект во месец мај 2020 година според евиденцијата на Управата за јавни приходи.

Управата за јавни приходи врз основа на барањето од член 5 став 4 алинеја 1 и 2 од овој член, до 5 мај 2020 година, односно до 5 јуни 2020 година ја известува Агенцијата за млади и спорт за лицата од листата доколку се вработени или ангажирани со договор на работа во друг правен субјект.

По добивање на Известување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Комисијата констатира дали се исполнети сите услови од член 2 став 3 од оваа уредба со законска сила, како и врз основа на комплетност на документацијата од член 3 став 1 од оваа уредба со законска сила, до 10 мај 2020 година за корисници на финансиска поддршка за април 2020 година, односно до 10 јуни 2020 година за корисници на финансиска поддршка за мај 2020 година, доставува до директорот на Агенцијата листа на корисници, заради донесување на решенија за финансиска поддршка.

Исплата на средствата за финансиска поддршка за спортисти, стручни работници од областа на спортот и спортска администрација се врши по донесено решение од директорот на Агенцијата за млади и спорт на трансакциска сметка на корисникот на финансиската поддршка, најдоцна до 15 мај 2020 година за финансиската поддршка за месец април 2020 година, односно најдоцна до 15 јуни 2020 година за финансиската поддршка за месец мај 2020 година.

Член 5

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2837/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

До:
Агенција за млади и спорт - Сектор спорт

Ул „Македонија“ бр. 38, 1000 Скопје

БАРАЊЕ

ЗА ИСПЛАЌАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТИСТИ, СТРУЧНИ ЛИЦА И СПОРТСКА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА

Од _____
(име и презиме)

Од _____
(адреса на живеење)

Тел:_____ **e-mail** _____

ЕМБ													

Барател:	- **Спортист** - **Стручно лице** - **Спортска администрација**
Вработен / Ангажиран со Договор:	- **Клуб** - **Федерација** **Работно место:**
Договор за работа	**Бр.** _____ **дата** _____ **Определено** **Неопределено**

Плата му исплаќал:

ЕДБ				
ЕМБС				
НАЗИВ				
АДРЕСА / СЕДИШТЕ				
	е-Пошта		***Телефон***	

Во прилог на барањето ја доставувам следната документација за исполнување на условите, согласно Уредбата со законска сила за утврдување на исплаќање на финансиска поддршка за спортистите, стручни лица и спортска администрација. за :

1. Спортисти:

- Изјава од спортистот (изјавата во прилог)
- Договор за работа,
- Доказ за исплатени средства по Договор согласно Уредбата од септември 2019 до февруари 2020,
- Потврда од националната спортска федерација со која се потврдува спортистот дека е впишан во Регистарот на спортисти што учествуваат во системот на натпревари

2. Стручни лица:

а.) Тренери

- Изјава од тренерот (изјавата во прилог)
- Договор за работа,
- Доказ за исплатени средства по Договор согласно Уредбата од септември 2019 до февруари 2020,
- Доказ за стручно образование или лиценца од соодветната меѓународна спортска асоцијација,

б.) Стручни лица (лекари, психолози, нутриционисти и др.)

- Изјава од лекари, психолози, нутриционисти и др. (изјавата во прилог)
- Договор за работа,
- Доказ за исплатени средства по Договор согласно Уредбата од септември 2019 до февруари 2020,
- Доказ за соодветно образование од односната професија и се впишани во регистерот на тренери и други стручни лица што ги води националната спортска федерација.

3. Спортска администрација:

- Изјава од административец вработен во Национална спортска федерација или клуб (изјавата во прилог)
- М1 и М2 обрасци,
- Доказ за исплатени средства по Договор согласно Уредбата од септември 2019 до февруари 2020,

НАПОМЕНА:

* **Барањето треба да биде пополнето точно, веродостојно, читливо и целосно.**

***Со потпишувањето на ова барање, барателот физичко лице слободно изрично ја изјавува својата волја и дава согласност Агенцијата за млади и спорт да ги користи сите негови лични податоци (вклучувајќи и ЕМБГ) согласно Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015 и 99/2016) со цел издавање на потврдата.**

Дата Претседател / Генерален секретар

_____ _____

Прилог :

И З Ј А В А

Јас, _____ со ЕМБГ _____, под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека не сум вработен и не примам плата од друг правен субјект. Сите податоци прикажани во Барањето за исплаќање на финансиска поддршка за спортисти, стручни лица и спортска администрација за време на траењето на вондредната состојба се вистинити.

Во случај на утврдување на невистиност на податоците согласен сум да бидат преземени соодветни законски мерки.

ИЗЈАВИЛ

1360.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЗИНГ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

(1) Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

(2) На договорите и на промените на договорните услови за финансиски лизинг спрема физичките и правните лица, како и спрема солидарните должници и заложните должници врз основа на финансиски лизинг ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

(1) Во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година физичките лица кои се корисници на финансиски лизинг по договорите за финансиски лизинг кои се склучени заклучно со 31 март 2020 година ги плаќаат обврските на месечен ануитет намален за најмалку 70% од редовниот месечен ануитет, а давателите на финансиски лизинг не смеат да пресметуваат и наплатуваат надоместоци, трошоци провизии и/или казнени камати.

(2) Периодот на отплата, односно рокот за плаќање на месечните ануитети по договорите за финансиски лизинг од став (1) на овој член се продолжува за најмалку 90 дена по истекот на периодот од став (1) на овој член.

(3) Обврските по основ на помалку платени ануитети во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година согласно став (1) на овој член се одложуваат согласно одобрениот рок за плаќање од став (2) на овој член, или рамномерно се распоредуваат во месечните ануитети кои ќе доспеат по 30 јуни 2020 година.

(4) Во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година давателите на финансиски лизинг можат да ги менуваат и другите услови од договорите од став (1) на овој член само заради олеснување на условите.

(5) На корисниците на финансиски лизинг кои во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година редовно ќе ги отплаќаат обврските по договорите за финансиски лизинг, без оглед дали го користат правото од став (1) на овој член, давателите на финансиски лизинг можат да им дадат поволности во однос на отплатата на обврските.

(6) При промена на условите согласно ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) од овој член, давателите на финансиски лизинг доставуваат понуда до физичките лица корисници на финансиски лизинг согласно член 2 алинеја 1 од Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 80/20).

Член 3

(1) За промена на условите од договорите за лизинг склучени со правни лица, давателите на финансиски лизинг постапуваат согласно член 2 од Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 80/20).

(2) Давателите на финансиски лизинг можат да ги олеснат условите од договорите за финансиски лизинг склучени со правни лица заклучно со 31 март 2020 година, врз основа на барање од правно лице корисник на финансиски лизинг поднесено во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година.

Член 4

На доставувањето и прифаќањето на понудата и на правното дејство на променетите услови се применуваат одредбите од членовите 3, 4, 5 и 6 од Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 80/20).

Член 5

Договорите за финансиски лизинг што ќе се склучат во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година можат по барање на корисниците на лизинг да се склучат со грејс период од три месеци. Во грејс периодот давателот на финансиски лизинг може да пресметува само договорна камата.

Член 6

Давателите на финансиски лизинг се должни во рок од пет дена од денот на влегување во сила на оваа уредба со законска сила да донесат интерен акт за спроведување на оваа уредба со законска сила.

Член 7

На давателот на финансиски лизинг кој нема да постапи согласно со одредбите од оваа уредба со законска сила Министерството за финансии со решение ќе му ја одземе дозволата за основање и работа.

Член 8

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2838/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1361.

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА

Член 1

Со оваа уредба со законска сила престанува да важи Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.79/20 и 87/20).

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2842/1
4 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1362.

Врз основа на член 30 став 1, алинеја 1 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈАТА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ

Член 1

Во Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 71/20 и 79/20), по членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

“ Член 1-а

Стоките од членот 1 на оваа одлука може да се продаваат на големо само во магацини, складови за трговија на големо, на пазарите за трговија на стоки на големо и на агро берза.

Во објектите наведени во ставот 1 на овој член е забрането вршење на трговија на мало на крајни потрошувачи.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2651/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1363.

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НЕТО-ДОБИВКАТА ЗА ДЕЛОВНАТА 2019 ГОДИНА И ЗА УПОТРЕБА НА ВИШОКОТ НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ СО РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за распределба на нето-добивката за деловната 2019 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2019 година, бр. 02-870/1 од 3.4.2020 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 3.4.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2826/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1364.

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2020 година, бр.01-869/1 од 3.4.2020 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3.4.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2827/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

1365.

Врз основа на член 30 став 1, алинеја 3 од Законот за трговија (“ Службен весник на Република Македонија “ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА ПЧЕНИЦА И НАПОЛИЦА И БРАШНО ОД ПЧЕНИЦА И НАПОЛИЦА

Член 1

Во Одлуката за ограничување на извозот на пченица и наполица и брашно од пченица и наполица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 70/20), по членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

"Член 1-а

Извозот на брашно од пченица и наполица во текот на еден месец се ограничува во висина од 70 проценти од вкупно произведената количина на брашно од пченица и наполица во претходниот месец.

Ограничувањето од ставот 1 на овој член, ќе се спроведува по пат на издавање на дозволи од Министерството за економија преку едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки-ЕХИМ, под име на лиценца Е004 МЕ.

Член 2

Во членот 2 зборовите "ќе се применуваат до 30 април 2020 година" се заменуваат со зборовите: "ќе важи до завршувањето на траењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-2831/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622
2020090

Цената на овој број е 90 денари.